# ПОВИК ЗА УЧЕСТВО НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО МРЕЖА ЗА ОТВОРЕНО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО СОГЛАСНО ПРОЕКТОТ „ГРАЃАНИТЕ НА ПРВО МЕСТО“

## 1. ВОВЕД

Граѓанската организација „Центар за управување со промени“ во соработка со „Центарот за одржлив развој АЛКА“ го спроведува проектот **„Граѓаните на прво место“,** кој и е доделен од страна на Европската Делегација преку Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) на Министерството за финансии, во рамки на компонентата за подобрување на вклученоста на граѓанското општество во креирањето на јавно мислење, политики и донесување на одлуки на национално и локално ниво.

Проектот се фокусира на подобрување на транспарентноста на единиците на локалните самоуправи преку воспоставување на стандарди за отворени и паметни податоци на локално ниво, со цел подобро вклучување на граѓаните и граѓанските организации (ГО) во следењето на работата и донесувањето на одлуки од страна на општините.

Активности на проектот се:

- Изработка на насоки за отворени податоци на единиците на локалните самоуправи, во соработка со граѓанските организации, централните и локалните институции;
- Подобрување на капацитетите на граѓанските организации преку обуки за разбирање и користење на презентираните информации и отворените податоци на локалните самоуправи;
- Воспоставување и подобрување на структурна комуникација и соработка на редовна основа помеѓу единиците на локалните самоуправи, локалните граѓански организации и државни институции – МИОА, МЛС, преку мрежни партнерства кои ќе служат за размена на знаење и искуства;
- Зголемување на свеста за потребата од отворени и паметни податоци на единиците на локалните самоуправи.

## 2. ЦЕЛИ НА СОРАБОТКАТА

Основната цел е формирање на мрежа за отворено владино партнерство, односно воспоставување на организирана форма на соработка помеѓу локалните граѓански организации, општините и централните владини институции, заради поголемо учество во креирањето и мониторирањето на јавните политики на локално ниво преку обезбедување поголема транспарнетност и отчетност на единиците на локална самоуправа. Воспоставената мрежа ќе значи можност за континуирано лобирање за објавување на јавните информации во облик на отворени податоци, како и за влијание од страна на ГО во донесување на подобри локални политики.

Посебните цели и активности на соработка се утврдени подолу.

**2.1. Истражување на јавно мислење**

Во рамки на проектот, планирано е да се спроведе истражување на јавното мислење во однос на транспарентноста на општините и начинот на презентирање на јавните информации, како и услугите кои се нудат од страна на општините. Наодите од ова истражување ќе бидат основа за изработка на насоки за отворени податоци за единиците на локалните самоуправи. Истражувањето ќе се спроведе во 8 општини во земјата (Битола, Струмица, Штип, Куманово, Велес, Тетово и Струга), врз основа на изработена методологија за истражување.

Земајќи ја во предвид потребата од инклузивен пристап во спроведувањето на проектот, спроведувањето на истражувањето се планира преку вклучување на локални ГО. Локалните ГО треба да го спроведат истражувањето на терен во рамките на нивните општини, преку ангажирање на анкетари кои ќе бидат обучени од проектниот тим и вклучените експерти во проектот.

**2.2. Учество во фокус групи**

Покрај спроведувањето на истражувањето на терен, локалните ГО ќе бидат вклучени во организација и спроведување на во соработка со проектниот тим во секоја од 8-те општини. Целта на фокус групите е да се потврдат наодите од истражувањето и спроведените анализи на проектниот тим, како и да се добијат дополнителни инпути од страна на граѓанските организации во интерес на целите на проектот.

**2.3. Учество во мрежа на ГО за отворено владино партнерство**

Заради спроведување на координирани активности во поглед на натамошна одржливост на резултатите на проектот, планирано е формирање на мрежа на ГО за отворено владино партнерство. За таа цел, ќе бидат вклучени локални ГО од областа на мониторирање на јавни политики и креирање на јавно мислење на локално ниво заради подобрување на транспарентноста на општините. Покрај ГО, во мрежата ќе бидат вклучени и претставници на општините и централни владини институции, заради спроведување на заеднички иницијативи за подобрување на транспарентноста на општините и доброто владеење. Овие иницијативи ќе бидат тема на состаноци на мрежата кои на периодична основа ќе се организираат во секоја од 8-те општини.

**2.4. Учество на обуки**

Проектниот тим и ангажираните експерти ќе спроведат обуки на претставници на локалните ГО на следните теми: Отворено владино партнерство и отворени податоци; Принципи на активно учество во јавни политики; Влијание на креирање на политики и

евалуација; Структура на буџетот на општините, разбирање на финансиски податоци, следење на буџетот; Протоколи за ефективно / инклузивно јавно учество.

**2.5. Спроведување на регионални работилници за отворени податоци**

По успешното спроведување на обуките, ќе биде обезбедено менторство и поддршка на локалните ГО за идно самостојно спроведување на регионални работилници за отворени податоци. Ќе биде потребно да се одржи по една работилница во секоја од 8-те општини, со околу 25 учесници по работилница. Работилниците ќе бидат еднодневни, покривајќи ги истите теми од претходно спроведените обуки. Проектниот тим и ангажираните експерти ќе дадат поддршка за испорака на овие работилници.

## 3. ИЗРАЗУВАЊЕ НА ИНТЕРЕС

Заинтересираните граѓански организации за вклучување во проектните активности се мотивираат да поднесат апликација преку пополнување на формуларот за пријавување на следниот линк.

Врз основа на добиените апликации, ќе се изберат најмалку две (2) локални граѓански организации по општина, кои ќе бидат одговорни за спроведување на проектните активности во рамки на својата општина.

Услови за учество во проектот:
- граѓански и непрофитни организации регистрирани во Република Македонија, со седиште во една од општините (Битола, Струмица, Штип, Куманово, Велес, Тетово и Струга), или во соодветните региони;
- писмо за мотивација;
- досие на спроведени активности во рамки на својата организација;
- уредно пополнет формулар за пријавување.

Крајниот рок за поднесување на апликација е **01 април 2016 година.**

Контакт информации:
Елизабета Ѓорѓиевска
Центар за одржлив развој АЛКА
е-пошта: elizabeta.gj@alka.org.mk
тел.: 075/317-070


Проектот е финансиран од Европската Унија